**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-5824/**

## З А П И С Н И К

**Од 130-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 25.12.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски-Директор на МРТ,Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет и Ели Јосифовска-одделение за маркетинг и промоција МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната состојба во државата, 130-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 13:30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 128-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлуки за давање на согласност за именување на одговорни уредници во МТВ и МРА.

3. Разгледување и усвојување на годишен План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година.

4. Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда.

5. Разгледување на Одлука за благајнички максимум.

6. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 128-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 128-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 128-ма седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 128-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Одлуки за давање на согласност за именување на одговорни уредници во МТВ и МРА.**

По однос на оваа точкка беа ставени на разгледување пред присутните Финалните ранг листи на интервјуираните кандидати на интерните огласи како и записниците од седниците на Уредништвото на МРТ.
Од Директорот на МРТ беше доставено во врска со членот 37 став 2 и 3, Барање согласност за именување на одговорни уредници на Трет програмски сервис на МТВ,Петти програмски сервис на МТВ,Четврти програмски сервис на МРА и на Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми-Радио Македонија.

Во согласност со Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во ЈРП МРТ, констатирано беше дека се завршени сите административни процедури околу селекцијата на кандидатите.

Истовремено, одржана е и Седница на Уредништвото на МРТ којашто имаше четири точки на Дневниот ред и тоа:

Точка 1 – Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Третиот програмски сервис на МТВ

Точка 2 – Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Петтиот програмски сервис на МТВ

Точка 3 – Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис на МРА

Точка 4 – Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми-Радио Македонија.

Во прилог на ова Барање согласност, беа доставени и Записниците од Седницата на Уредништвото на МРТ,како и финалните ранг листи и предлог-одлуки за секој кандидат поединечно.

Анита Латифи со прашање каква е методологијата за бодување, дали се работи по некој правилник или пак по некој интерен акт.Горан Атанасов директор на заеднички функции и администарција објасни дека една комисија е составена од три члена,и секој член даваше за секој кандидат по максимум 10 поени.Исто така важно е да се напомене дека е постапено и земени се како конечни ранг листите од Комисијата за селекција за унапредување и истите се преточени во одлуки за избор.

Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија со прво прашање по однос на Одговорен уредник на МТВ 4 дали имаше конкурс по истот и зошто недостига Одлука за именување на уредник, и второ прашање зошто членовите во комисиите немаат цело име и презиме туку фигурираат само со потписи.

Директорот на МРТ одговори дека имаше конкурс,притоа се одржа селекција, и се случи двајца кандидати да добијат ист број на поени, и поради тоа одлучив да не избереме никој од тие двајца кандидати, и не се впуштив да правам дополнителна селекција,туку одлучивме да го преобјавиме уште еднаш тој конкурс.

Горан Атанасов дека во Одлуката за формирање на комисии стои сите членови кој се со цело име и презиме.
Снежана Клинчарова со забелешка за техничка грешка во Барањата за кој програмски сервиси се бара согласност, каде наведено е *Четвртиот програмски сервис на МТВ,а* треба да стои Четврти програмски сервис МРА (радио).Забелешката беше прифатена и беше сугреирано на службите да се исправи истата.
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац со прашање до Директорот на МРТ по однос на другите одобренија од Министерството за финанасии за прераспоредување и унаредување, колку од тие се спроведени, и дали ќе се заврши до нова година да се потполни целата квота што беше добиена.
Директорот на МРТ со одговор дека за сите е распишан огласот и за сите има направено избор,и си течат постапките согласно закон и согласно правилникот за прераспоредување.

**1.**По расправата Барањето согласност за одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ да биде именуван Драган Николовски беше ставено на гласање.
■ **Барањето согласност за Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ** да биде именуван **Драган Николовски** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно даде согласност** за именување на **Драган Николовски** за Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ Канал 3 - Музика/забава/ култура /спорт.

**2**. По расправата Барањето согласност за Одговорен уредник на Петтиот програмски сервис на МТВ да биде именувана Дијана Гогова Атанасова беше ставено на гласање.

■ **Барањето согласност за Одговорен уредник на Петтиот програмски сервис на МТВ** да биде именувана **Дијана Гогова Атанасова** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно даде согласност** за именување на **Дијана Гогова Атанасова** за Одговорен уредник на Петти програмски сервис на МТВ-Канал 5-Детска програма.

**3**.По расправата Барањето согласност за Одговорен уредник на Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми-Радио Македонија да биде именуван Јошко Бошковски беше ставено на гласање.

■**Барањето согласност за Одговорен уредник на Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми-Радио Македонијда** да биде именуван **Јошко Бошковски** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **9** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**3** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **даде согласност** за именување на **Јошко Бошковски** за Одговорен уредник на Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми-Радио Македонија.

**4**.По расправата Барањето согласност за Одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис на Македонско радио-МРА да биде именувана Зубејда Ахмед беше ставено на гласање.

▪**Барањето согласност за Одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис на Македонско радио-МРА** да биде именувана **Зубејда Ахмед** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **5** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**7** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **не даде согласност** за именување на **Зубејда Ахмед** за Одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис на Македонско радио-МРА.

По однос на оваа точка и недавањето согласност за именување на Одговорен уредник на Четвртиот програмски сервис на Македонско радио-МРА,а согласно чл.124, став 2 од законот за АВМУ и чл. 37 од Статутот на МРТ Програмскиот совет на МРТ го даде следното

## ***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

За време на дискусијата на 130 – та седница на Програмскиот Совет на МРТ беше истакнато дека второ – рангираната на финалната ранг листа, Зејнеп Хусејин со оценка 8,3 која е за 0,7 помала од оценката 9 дадена на прво-рангираната Зубејда Ахмет, е всушност поквалитетен кандидат.
Освен долгогодишниот работен стаж ( 30 години од кои 7 како хонорарен соработник) Зејнеп Хусеин, Уредник на информативната редакција на турски јазик, целиот свој живо, со огромна љубов го има подредено на професионалната кариера и квалитетното извршување на работните задачи, во континуитет, без никаков прекин.
Како потврда за нејзиниот квалитет беше посочен фактот дека за нејзиното напредување во кариерата: Од хонорарец до уредник на редакција, се должи исклучиво на нејзината посветеност, професионалност и работливост. Таа наместо да бара помош од надворешни субјекти, лоби групи, здруженија и непринципиелни коалиции, го надградувала своето образование. За тоа сведочи нејзината магистратура од областа на турската книжевност, а во моментов работи и на својот докторат.
Од овие причини, како и од фактот дека Вашето барање, со сета почит, не доби согласност од Програмскиот Совет, очекуваме повторената постапка да биде спроведена фер, независно и објективно.

ТОЧКА 3: **Разгледување и усвојување на годишен План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година.
Таа исто така детално го објасни начинот на изработка на материјалот од Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година како секоја ставка поединечно,појаснувајќи дека истиот е изготвуван според планираните приходи и согласно законските одредби.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ без поголеми забелешки.

Врз основа на член 124,став 1,алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17,168/18,247/18 и 27/19), и член 37,став 1,алинеа 10 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на ЈРП МРТ на својата 130-та седница одржана на 25.12.2020 год., по разгледувањето на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Планот за јавни набавки на**
**ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година**

**I.** Програмскиот совет на ЈРП МРТ, го разгледа и го усвои Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за комерција и јавни набавки;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Архивата на МРТ.

По расправата Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година беше ставен на гласање.
■**Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2021 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА4:**Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда.**
Воведно излагање по оваа точка даде Ели Јосифовска од одделението за Маркетинг и промоција во МРТ со детално образложение на материјалот од Ценовниците за маркетинг услуги по секунда за 2021 година.Ели исто така објасни дек МРТ како Јавен Радиодифузен сервис, во делот на работата на Маркетинг Секторот има транспарентни цени и услови применливи за сите клиенти согласно Ценовник по секунда.Маркетинг Ценовникот по секунда останува ист, со додадени цени за новите канали МТВ3, МТВ4, МТВ5 со измена во точка 1 за основни цени и точка 1.1 која се однесува на комерцијална презентација и емитување на поп апи,а беа ставени во дополната на Маркетинг Ценовник по секунда за 2020 година.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.
Притоа Надзорниот одбор на МРТ го задолжи Директорот на МРТ и Секторот за маркетинг да изготват предлог решение за Правилник (Ценовник) кој ќе го регулира пласирањето на производи во одредени ТВ емисии и истиот да се достави на разгледување до Надзорниот одбор до крај на месец јануари 2021 година.

По расправата беше ставен на гласање Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година.

■ **Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека **Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МРТ за 2021 година** е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5: Разгледување на Одлука за благајнички максимум.**
Пред членовите на Програмскиот совет на МРТ ставена на разгледување беше одлуката за благајнички максимум,која преставува стандардна законска обврска.Истата беше разгледана од страна на Програмскиот совет на МРТ без забелешки.

Врз основа на член 132, став 1, алинеа 10 од Законот за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 66, став 1, алинеа 10 од Статутот на ЈРП МРТ, Надзорниот одбор на МРТ на 15-та седница одржана на 24.12.2020 година, по разгледување на Барањето од Секторот за финансиски работи бр.03__________ од __.12.2020 година, дава согласност на следнава:

**О Д Л УК А**
**за утврдување благајнички максимум**
**на ЈРП МРТ за 2021 година**

**I.** Висината на благајничкиот максимум на ЈРП МРТ за 2021 година, како најголем износ на парични средства во готово кој може да остане во благајната на Македонска радио телевизија на крајот на работниот ден, се утврдува на 300.000,00 денари.

**II.** Учесникот во платниот промет – правно лице е должен сите парични средства од дневниот пазар примени во готово по која и да било основа да ги уплати најдоцна наредниот работен ден на својата трансакциона сметка.

**III.** Оваа Одлука се применува од денот на донесувањето.

**IV.** Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за благајнички максимум бр. 02-6824/2 од 23.12.2019 година.

**V.** Примерок од Одлуката да се достави до:
- Сектор за финансиско работење;
- Одделение за финансиски работи;
- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Архивата на МРТ

**ТОЧКА 6: Разно.**
По однос на оваа точка од днвниот ред не се одржа никаква расправа.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

_______________________

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател